***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КОНЧЕ***

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на општина Конче**<br>**Бр .27/2019** | КОНЧЕ***19.07.2019 ГОДИНА*** | **Излегуба по потреба** |
| e-mail:opstina.konce@t.mk | с/ка 735014073863019 | Д.Б. 4023005118934 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), Градоначалникот на општина Конче донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на актите донесени на 30-та седница на Советот на општина Конче одржана на ден 19.07.2019 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 30-та седница на Советот на општина Конче одржана на ден 19.07.2019 година**

1. Заклучок за усвојување Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Конче за квартал од 01.01.2019 до 30.06.2019 година ;
2. Одлука за примање на донација од Компанија Ајрула Куртов од Манхајм-Германија и одобрување на парични средства за трошоци за транспорт и увозно царинење на донирано возило марка Peugeot Partner 1,6 HDI 75 L1 Komfort VF37D9HTC68530729;
3. Одлука за престанок на функцијата член и Претседател на Советот на Општина Конче на Ивана Јовнова по поднесена неотповиклива оставка;
4. Одлука за одобрување финансиски средства за меморијален турнир во мал фудбал „ Стефан 2014“-с.Долни Липовиќ;

Број 09-798/7 Општина Конче
Дата 22.07. 2019 Градоначалник,
Конче Благој Илиев, с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 19.07.2019 г. донесе:

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Конче за квартал од 01.01.2019 до 30.06.2019 година

1. Се **УСВОЈУВА** Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Конче за квартал од 01.01.2019 до 30.06.2019 година број 09-833/1 од 17.07.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Конче.

Број 08-798/3 Совет на општина Конче
Дата 19.07.2019 Претседател,
Конче Ивана Јованова, с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 19.07.2019 година донесе :

О Д Л У К А

За примање на донација од Компанија Ајрула Куртов од Манхајм-СР Германија и одобрување на парични средства за трошоци за транспорт и увозно царинење на донирано возило марка Peugeot Partner 1,6 HDI 75 L1 Komfort VF37D9HTC68530729

Член 1

Со оваа Одлука се прима донација од Компанија Ајрула Куртов од Манхајм-СР Германија и се одобруваат парични средства за трошоци за транспорт од СР Германија до РС Македонија, увозно царинење на донирано возило марка Peugeot Partner 1,6 HDI 75 L1 Komfort VF37D9HTC68530729 и други трошоци кои ќе настанат при транспортот на возилото.

Член 2

За сите направени оправдани трошоци за донираното возило да бидат доставени соодветни финансики документи до Одделението за финансиски прашања во општина Конче.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-798/4 Совет на општина Конче
Дата 19.07.2019 Претседател,
Конче Ивана Јованова, с.р.

Врз основа на член 46 став 1 алинеа 1 од Зконот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 11 став 1 точка 43 од Статутот на Советот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 19.07.2019 година донесе:

О Д Л У К А

За престанок на функцијата член и Претседател на Советот на Општина Конче на Ивана Јовнова по поднесена неотповиклива оставка

Член 1

Со оваа одлука се констатира престанок на функцијата член и Претседател на Советот на Општина Конче на Ивана Јовнова по поднесена неотповиклива оставка на 30-та седница на Советот на општината одржана на ден 19.07.2019 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Конче".

Број 08-798/5 Совет на општина Конче
Дата 19.07.2019 Претседател
Конче Ивана Јовнова с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 19.07.2019 г. донесе:

О Д Л У К А

За одобрување финансиски средства за меморијален турнир во мал фудбал *Стефан 2014*-с.Долни Липовиќ

Член 1

По Барање бр. 08-838/1 од 18.07.2019 г. од Бошко Јованов од с.Д.Липовиќ се одобруваат финансиски средства во висина од 30.000 денари нето за организирање на меморијален турнир во мал фудбал *Стефан 2014*-с.Долни Липовиќ.

Член 2

Средствата ќе се исплатат на Бошко Јованов од с.Д.Липовиќ со ЕМБГ 2909967464010 и сметка 210501583467582-Тутунска Банка .

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-798/6 Совет на општина Конче
Дата 19.07.2019 Претседател,
Конче Ивана Јованова, с.р.

***С О Д Р Ж И Н А***


1. Заклучок за усвојување Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Конче за квартал од 01.01.2019 до 30.06.2019 година ;
2. Одлука за примање на донација од Компанија Ајрула Куртов од Манхајм-Германија и одобрување на парични средства за трошоци за транспорт и увозно царинење на донирано возило марка Peugeot Partner 1,6 HDI 75 L1 Komfort VF37D9HTC68530729;
3. Одлука за престанок на функцијата член и Претседател на Советот на Општина Конче на Ивана Јовнова по поднесена неотповиклива оставка;
4. Одлука за одобрување финансиски средства за меморијален турнир во мал фудбал „ Стефан 2014"-с.Долни Липовиќ;


*„ Службен гласник на Општина Конче"*